# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 45 став (2) од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија”, бр. 39/06, 89/08, 171/10, 53/11, 69/13, 187/13 и 43/14), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 3.3.2015 година, донесе

# ТАРИФА
# ЗА ГОДИШЕН НАДОМЕСТОК ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА СОРТАТА ЗАПИШАНА ВО НАЦИОНАЛНАТА СОРТНА ЛИСТА

## **Член** 1

Со оваа тарифа се пропишува висината на годишниот надоместок за плаќање на одржување на сортата запишана во националната сортна листа.

## **Член** 2

Висината на надоместокот за одржување на сортата за одделни земјоделски култури изнесува:
- фуражни растенија и репа - 1.300, 00 денари,
- маслодајни и влакнодајни растенија - 1.300, 00 денари,
- житни растенија - 1.200, 00 денари,
- градинарски растенија - 1.300, 00 денари,
- компир - 1.400, 00 денари и
- тутун - 1.700, 00 денари.

## **Член** 3

Оваа тарифа влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 42-1851/1
3 март 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.